Врз основа на член 17 став 2 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Сл.Весник на РМ“ бр.7/2016 ) и член 10 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека АД ВОДОСТОПАНСТВО на РМ Скопје Подружница Берово, на 13.07.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за измена на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2018-2020 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08-163/17 од 13.07.2018 година.

Со поднесеното Барање АД ВОДОСТОПАНСТВО на РМ Скопје Подружница Берово бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и соодветната тарифа за водната услуга да изнесуваат:

**1. За снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението:**

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 5.066.800 | 5.516.800 | 6.066.800 |
| Количина на испорачана вода | $m^3$ | 1.200.000 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 4,20 | 4,60 | 5,00 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 10.08.2018 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 07.08.2018 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**